**До**: Агенција за разузнавање
бул. 3-та Македонска бригада, бр. 67
1000 Скопје

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно)** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) **електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго ______________

Начин на доставување на информацијата:

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) **е-маил**

5) друго ______________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 28.04.2022 година .** ____________________________________

**Contact**

---

**From:** Contact <contact@ia.gov.mk>
**Sent:** Wednesday, May 18, 2022 12:26 PM
**To:**
**Subject:** RE: Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер пратен по е-пошта од ваша страна на 28.04.2022 година, Агенцијата за разузнавање во согласност со претходно остварениот контакт со вас на 17.05.2022 година, ве известува и писмено преку е-пошта за следново:

Агенцијата за разузнавање е посебен орган на државна управа формирана со Закон за Агенција за разузнавање („Сл. Весник на РСМ бр.21/21) и не е дел од Законот за јавен сектор освен глава 3 каде што е наведено дека вработените во Агенцијата се со посебни должности и овластувања. Податоците коишто ги барате по однос на точките 1, 2 и 3 од вашето барање не сме во можност да ви ги доставиме затоа што тие се класифицирани инфромации односно се со одреден степен на тајност согласно Законот за Агенција за разузнавање, Законот за класифицирани информации и Правилникот за систематизација на работни места којшто е со степен на тајност „Строго доверливо" и истиот е донесен по претходна добиена согласност од Владата на РСМ. Исто така, во член 6, став 1, точка 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, наведено е дека може да се одбие давање на одговор на барање доколку информацијата согласно закон претставува класифицирана информација.

Со почит,

Агенција за разузнавање